# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - СКРИПТА” ОД АСИСТЕНТ Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА,ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-43/21 од 112. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доцент д-р Љупчо Сотироски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- вонреден професор, д-р Јован Ананиев, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - СКРИПТА”** од **асистент д-р Ана Никодиновска-Крстевска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало под наслов **„Надворешна и безбедносна политика на Европската унија – скрипта“** од асистент **д-р Ана Никодиновска-Крстевска** ќе се користи како учебно помагало по предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика, предвиден во VI семестар како задолжителен предмет на прв циклус на студиската програма Применета политика и дипломатија на Правниот факултет, со неделен фонд на часови 3+2+2, со 8 ЕКТС. Учебното помагало е во согласност со Наставната програма на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот содржи вкупно 190 страници компјутерски отчукан текст во B5 формат. Тој содржи вкупно 135 фусноти и 9 прикази. Учебното помагало претставува систематизирана и конзистентна целина, која се состои од: ПРЕДГОВОР, СОДРЖИНА, СКРАТЕНИЦИ, ВОВЕД, ПРВА ГЛАВА, ВТОРА ГЛАВА, ТРЕТА ГЛАВА, ЧЕТВРТА ГЛАВА, ЗАКЛУЧОК, БИБЛИОГРАФИЈА (217 библиографски единици на латиница и 30 библиографски единици на кирилица, 40 единици на консултирани написи од печат, 7 консултирани договори на Европската унија) и САЈТОГРАФИЈА (30 библиографски единици од интернет, 101 документи на Европската унија, 5 други документи и 4 веб-портали).

По обем и содржина ракописот го задоволува бројот на часови предвидени за соодветниот предмет и соодветствува на критериумите утврдени во Правилникот за единствените основи за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебното помагало претставува оригинален научен текст, кој според обемот и содржината предвидени за предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика досега не е објавуван на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во однос на содржината, во **воведниот дел** се дадени општи напомени за предметот на ова учебно помагало. Појдовната премиса се однесува на создавањето на заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, кое започнува од Европската политичка соработка од 1970 г., преку Единствениот европски акт од 1986 год. и Договорот од Мастрихт од 1992 г., па сè до Договорот од Лисабон од 2009 г. Овие акти придонесоа за остварување на потесна европска интеграција на земјите-членки на Европската унија од областа на надворешните односи, како и за зацврстување на протагонистичката улога на

Европската унија на светската сцена, како меѓународен актер кој промовира активности засновани на цели за „заедничко добро". Овие случувања ѝ придадоа на Европската унија карактеристики на специфичен субјект *sui generis* кој од една страна ја надминува рамката на „меѓународна организација", но од друга страна сепак не се врамува во класичниот концепт на „држава".

Тргнувајќи од тоа, во **првата глава** од ова учебно помагало се разработува теориската рамка во која се проучува Европската унија и нејзината природа, како и различните концепции за нејзината надворешна политика. Според тоа, најпрво се наведуваат теориите за меѓународни односи, кои ја проучуваат Европската унија врз основа на фактот дека е дел од меѓународниот систем и дека е способна за креирање на политики и спроведување на истите. Понатаму, се наведуваат теориите за европската интеграција, затоа што ја проучуваат Европската унија заради нејзината различна природа врз база на која се издвојува како посебен субјект во меѓународните односи. И на крај, се наведуваат теориите за анализа на надворешната политика како поддисциплина на меѓународните односи, кои ја проучуваат Унијата низ призмата на нејзиното влијание врз светската политика и на нејзиното однесување како функција од меѓународните институции и другите структури во коишто се наоѓа. Во однос на концептите за европската надворешна политика засновани на конструктивистичките теории и на теориите за анализа на надворешна политика се издвојуваат неколку концепти, како на пример концептот на „цивилна моќ на Европската унија" од Франсоа Дишен, концептот на „меѓународно присуство" од Ален и Смит, концептот на „нормативна моќ на Европската унија" и други, кои говорат за Европската унија како актер во меѓународните односи и кои ја опишуваат нејзината меѓународна улога и надворешна политика. Од нив, концептот на „нормативна моќ на Европската унија" се зема како главен идеолошки концепт низ кој се разработува надворешната политика на Европската унија, нејзините цели на надворешна политика и вредности, и кохерентноста на нејзината надворешна политика.

Во **втората глава** се разработува надворешната политика на Европската унија, како што е зацртана во Наслов V од консолидираната верзија на Договорот за Европска унија во чии рамки Унијата воспоставува, одржува и негува меѓународни односи со останатите земји од светот. Поимувајќи ја како серија на политички акции што надворешните актери ги воспириемаат како акции на Европската унија, кои претставуваат происход од повеќеслојниот систем на владеење во надворешната политика на Унијата, надворешната политика на Европската унија се прикажува најпрвин низ историјата и нејзината еволуција, започнувајќи од Шумановиот план од 1950 г. па сè до Договорот за Лисабон од 2009 год, кој ѝ придава правна способност и единствен меѓународен персоналитет. Следствено, се разработува структурата на системот на надворешна политика на Европската унија, расчленета во поединечни делови и тоа: според активностите на Европската унија, во категории на надворешна политика, како што се трговија и трговски односи, заедничка надворешна и безбедносна и заедничка надворешна и одбранбена политика, надворешни односи од областа на развојот, надворешна димензија на внатрешните политики на Унијата и национални политики на земјите-членки на Унијата и според компонентите вклучени во нејзиното изготвување и реализација, во носители на надворешната политика на ЕУ, во начини и процедури на креирање на политики и донесување на одлуки од областа на надворешната политика и во инструменти на надворешна политика на Унијата.

Во **третата глава** насловена како Цели на надворешна политика на Европската унија и вредности на Европската унија, најнапред се прикажуваат целите на надворешна политика на Европската унија, зацртани во член 21 од консолидираната верзија на Договорот за Европска унија. Овие цели ја претставуваат основата за надворешно дејствување на Унијата. Тргнувајќи од тоа дека целите се ориентирани кон остварување на „заедничкото добро", за што се совпаѓаат со вредностите на Европската унија, фокусот во ова учебно помагало е насочен на вредностите на Европската унија. Врз основа на тоа, во посебно поглавје се разработуваат основните вредности на Европската унија и тоа: мирот, слободата, демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права. Најнапред, тие се прикажуваат низ договорните одредби и другите документи на Унијата, во кои се пропишуваат или кои ги содржат овие вредности како начела на дејствување на

надворешната политика на Европската унија, понатаму се дефинираат и се определуваат нивните значења за Европската унија и за носителите на надворешната политика на Унијата, како и се согледува нивниот дофат во европското уредување и во надворешните односи на Унијата. Исто така, овде се прикажуваат инструментите на надворешна политика преку кои Европската унија ги промовира овие вредности во своите односи со трети земји и притоа се посочуваат примери на преземени активности на надворешна политика на Европската унија за промоција и ширење на овие вредности.

Во **четвртата глава** насловена како Кохерентност на надворешната политика на Европската унија се прави спој меѓу класичните концепти на кохерентност на европската надворешна политика и концептот на „нормативна моќ на Европската унија" и се издвојува една работна дефиниција за кохерентноста на надворешната политика на Европската унија гледана низ призмата на концептот на „нормативната моќ на Европската унија", којашто се дефинира како *степен на согласност и компатибилност меѓу надворешните цели на Европската унија и преземените активности на надворешна политика, кои придонесуваат за изградба на меѓународниот идентитет на Унијата и дејствуваат правопропорционално на нејзиниот кредибилитет*.

Освен тоа, се наведуваат и неколку примери на кохерентност на надворешната политика на Европската унија, односно на успешна проекција на нејзината нормативна моќ, како што се: аболицијата на смртната казна, промоцијата на Меѓународниот кривичен трибунал и потпишувањето и промоцијата на Протоколот од Кјото, но исто така се наведуваат и одредени примери на некохерентност на надворешната политика на Европската унија, како што е пристапот на Унијата кон израелско-палестинскиот конфликт и пристапот на Унијата кон кипарскиот конфликт.

На крај, во **заклучокот** се прави еден хронолошки приказ на настаните, од меѓународна и од европската сцена, кои следеа по донесувањето на Договорот од Лисабон во 2009 г. и паралелно се прикажува еволутивниот развој на концептот на „нормативна моќ" на Европската унија до денес. Во продолжение се извлекува заклучокот дека покрај напорите на Европската унија да ја комунитаризира и институционализира својата заедничка надворешна и безбедносна политика, сепак таа не успева во тоа. Ова делумно се должи на продолжувањето на постоењето во праксата на тристолбовската структура во однос на ингеренциите и начинот на донесување на одлуки меѓу Унијата и земјите-членки, што како последица влијае врз водењето на надворешната политика, што главно останува во рацете на земјите-членки на Унијата. Врз основа на тоа, земјите-членки ги наметнуваат сопствените позиции врз нормативната агенда на Европската унија и врз правецот во кој се движи надворешната политика на Унијата, при што преовладуваат сопствените национални интереси наместо алтруистичките, односно целите за „заедничко добро", што пак доведува до некохерентност на надворешната политика на Европската унија. Гледано низ призмата на концептот на „нормативна моќ на Европската унија", оваа отстапка ја намалува способноста на Унијата да дејствува кај други субјекти и го намалува нејзиниот кредибилитет како нормативна сила во меѓународните односи.

## ЗАКЛУЧОК

Учебното помагало – скрипта со наслов „Надворешна и безбедносна политика на Европската унија" претставува системско дело од областа на меѓународните односи и правото на Европска унија, што целосно одговара на потребите на студентите од прв циклус студии. Според содржината, обемот и структурата, авторот успеал да направи оригинално учебно помагало коешто ќе придонесе за студентите, по предметот ЕУ – Надворешна и безбедносна политика, да ја совладаат материјата на разбирлив и на лесен начин. Освен тоа, д-р Ана Никодиновска-Крстевска успеала во текстот да елаборира и практични аспекти на материјата што му придаваат посебна вредност на учебното помагало. Врз основа на наведеното, рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип да го прифати позитивно рецензираниот извештај за ова учебно помагало - скрипта со наслов „Надворешна и безбедносна политика на Европската унија" од асистент д-р Ана Никодиновска-Крстевска и да го одобри ракописот за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, с.р.**